Проектот е финансиран
од Европската Унија

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА"

октомври 2022, Прилеп

ЕУ со ТЕБЕ

СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk

СОС ДЕТСКО СЕЛО

forumi i gruas женски форум women's forum

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" има за цел да придонесе кон независно и одржливо граѓанско општество поддржано од погодна средина која поттикнува партиципативни и родово-сензитивни процеси на креирање младински политики.

Проектот се спроведува од страна на Коалиција на младински организации СЕГА како водечки партнер, во партнерство со Женски Форум Тетово, СОС Детско Село и Волонтерски Центар Скопје.

Целта на проектот е да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество. За да се постигне целта, проектот:

- Ќе ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за независно и ефективно влијание врз донесувачите на одлуки поврзани со младински прашања врз основа на докази и преку локално вмрежување
- Ќе ги подобри граѓанските компетенции на младите мажи и жени за суштинско учество во секојдневниот живот на демократската заедница користејќи иновативни модели преку родово сензитивни и мировни пристапи
- Ќе ги оспособи јавните институции да развиваат и спроведуваат информирани и квалитетни јавни политики поврзани со младите засновани на еднакви можности преку одржливо партнерство со локалното граѓанско општество.

Проектот директно ќе ја поддржи примената на Законот за младинско учество и младински политики, посебно на локално ниво. Според тоа, проектот ќе ги јакне капацитетите на Локалните младински совети и Службениците за млади, предвидувајќи сет на активности кој вклучува обука и креирање на ресурси. За таа цел Проектот објавува јавен повик за надворешни соработници, вклучувајќи 3 (три) ЛОТ-ови:

**ЛОТ 1: ИСПОРАКА НА ОБУКА ЗА <u>СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ</u>**

1) Младинско учество и младинска политика - улога на службениците за млади на локално ниво
2) Родова перспектива во процеси на креирање младински политики

**ЛОТ 2: ИСПОРАКА НА ОБУКА И МЕНТОРСТВО ЗА <u>ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ</u>**

1) Застапување и лобирање
2) Анализа на јавни политики
3) Финансиска писменост и јавни финансии на локално ниво
4) Родова еднаквост
5) Превенција и справување со кибер-насилство помеѓу младите

**ЛОТ 3: ПОДГОТОВКА НА <u>ЕДУКАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИНТЕРАКТИВНА ПЛАТФОРМА</u>**

1) Младинско учество,
2) Младинска политика
3) Младинска работа

**Подетални информации за секој ЛОТ се во продолжение на овој повик.**

## 2. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

### ЛОТ 1: ИСПОРАКА НА ОБУКА ЗА СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

Во рамките на овој ЛОТ предвидена е поддршка на Службеници за млади од Единиците на локалната самоуправа преку 2 (две) обуки на следните теми:

1) <u>**Младинско учество и младинска политика - улога на службениците за млади на локално ниво**</u>

**Период на одржување:** октомври 2022

**Цели на обуката:** Да се подобрат знаењата на службениците за млади во однос на младинската политика, младинското учество со цел подобро спроведување на одговорностите како службеник за млади на локално ниво

**Теми:** Политики за млади на локално, национално и меѓународно ниво, Инструменти за младинско учество, улоги на службеници за млади, процес на креирање на јавни политики, модели на соработка и вмрежување помеѓу службениците за млади.

2) <u>**Родова перспектива во процеси на креирање младински политики**</u>

**Период на одржување:** октомври / ноември 2022

**Цели на обуката:** Да се зајакнат вештините на службениците за млади за вградување на родовата перспектива во процесите на консултација, креирање политики и донесување на одлуки на локално ниво

**Теми:** Основи на концепт на родова еднаквост, меѓународни стандарди, родовата застапеност во законската рамка во земјата, родова перспектива во процеси на креирање политики.

### ЛОТ 2: ИСПОРАКА НА ОБУКА И МЕНТОРСТВО ЗА <u>ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ</u>

1) <u>**Застапување и лобирање**</u>

**Период на одржување:** ноември 2022

**Цели на обуката:** Да се зајакнат знаењата и вештините на младите членови за застапување и лобирање во локалната средина

**Теми:** Елементи на застапување, анализа на проблеми и целна публика, развивање на порака, техники на лобирање, вмрежување, акциско планирање

2) <u>**Анализа на јавни политики**</u>

**Период на одржување:** ноември 2022

**Цели на обуката:** Да се зајакнат знаењата и вештините за следење на јавни политики и јавно застапување врз база на докази

**Теми:** Мониторинг на јавни политики, методи на истражување, учество во процеси на креирање закони, подготовка на документи за јавни политики (Позициски документи, Бриф за политики итн.), подготовка на Акциски план за застапување.

3) **Финансиска писменост и јавни финансии на локално ниво**

**Период на одржување:** ноември 2022

**Цели на обуката:** Да се зајакнат знаењата и вештините за следење и анализа на јавни финансии,со фокус на локално ниво

**Теми:** Финансиска писменост, лично финансиско планирање, основи на буџетирање, јавни финансии и процес на креирање финансиски планови.

4) **Родова еднаквост**

**Период на одржување:** ноември 2022

**Цели на обуката:** Да се зајакнат вештините на младите за вградување на родовата перспектива во работата на локалниот младински совет

**Теми:** основи на концепт на родова еднаквост, меѓународни стандарди, родовата застапеност во законската рамка во земјата, родова перспектива во јавни политики.

5) **Превенција и справување со кибер-насилство помеѓу младите**

**Период на одржување:** ноември / декември 2022

**Цели на обуката:** Да се зајакнат капацитетите на младите за справување со кибер-насилство

**Теми:** основи на насилство и кибер-насилство, постојни трендови на локално и меѓународно ниво, протоколи / процедури за справување со кибер-насилството во локалната заедница, креирање акциски план. По обуката, членовите на младинските совети ќе добијат дополнително менторство.

6) **Менторство за Локални Младински Совети**

**Период на одржување:** декември 2022 - април 2023

**Цели на менторството:** Да се поддржи спроведувањето на Акциските планови за локално јавно застапување врз база на докази на 6 (шест) локални младински совети

**Задачи:** Редовна комуникација со локални младински совети, поддршка при креирање истражувачки алатки, поддршка при анализа на документација, поддршка при подготовка на Документи за јавни политики (Позициски документи) како краен продукт на менторството.

- *Точните термини за обуките во рамките на ЛОТ 1 и 2 ќе бидат заеднички утврдени со избраните надворешни соработници.*
- *Менторството во рамките на ЛОТ 2 ќе започне по комплетирање на обуките или по договор со локалните младински совети*
- *Еден апликант може да аплицира за повеќе од една тема / ЛОТ.*
- *Обуките планирано е да се одржуваат со физичко присуство. Во случај на промена на состојбата со пандемијата од КОВИД-19, ќе се разгледа можност за онлајн обуки*
- *Обуките во рамките на ЛОТ 1 вклучуваат најмногу до 16 учесници. Обуките во ЛОТ 2 вклучуваат најмногу до 30 учесници (претставници од најмалку 6 локални младински совети).*

**Селектираните обучувач(к)и за ЛОТ 1 и ЛОТ 2 ќе треба да развијат методологија за спроведување на обуката која ќе понуди комбинација од теорија и вежби за практична примена на теоријата, во заедничка координација со тимот на проектот. Обуките ќе бидат во времетраење од 2 (два) денови, т.е. 16 работни часа.**

**Обучувач(к)ите ќе бидат ангажирани за:**

- Утврдување на методологија за одржување на обуката / обуките која ќе понуди комбинација од теорија и вежби за практична примена на теоријата;
- Изработка на материјали за обука;
- Спроведување на пред и пост тестирање на учесниците за темата (да се измери подобрувањето на знаењата, вештините и ставовите на учесниците)
- Спроведување на обука;
- Евалуација на обука;
- Изработка на извештај од спроведената обука.

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОБУЧУВАЧИ**
**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Најмалку високо образование. Магистратура и/или докторски студии во областите за работа ќе се смета за предност.
- Најмалку 7 години професионално искуство;
- Најмалку 5 години искуство во спроведување обуки (во соодветната тема / теми);
- Да поседува солидни комуникациски, презентациски и фасилитаторски вештини.
- Искуство во спроведување на најмалку 2 слични обуки кои се однесуваат на темата / темите за кои се аплицира;

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА МЕНТОР (ЛОТ 2)**
**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Најмалку високо образование. Магистратура и/или докторски студии во областите за работа ќе се смета за предност.
- Најмалку 7 години професионално искуство;
- Да поседува солидни комуникациски, презентациски и фасилитаторски вештини.
- Искуство во менторирање на граѓански организации и /или млади
- Искуство во подготовка на Документи за јавни политики (најмалку 2 документи)

**ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Обука:**
Секој обучувач во ЛОТ 1 и ЛОТ 2 ќе биде ангажиран за период од **3 работни денови по обука: 0,5 денови за подготовка, 2 денови за испорака на обука и 0,5 денови за подготовка на извештај**. За секој работен ден предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противредност после комплетирање на задачите (доставена временска табела, Изјава за извршена работа и одобрен извештај од обуката).

**Менторство:**
Менторот во рамките на ЛОТ 2 ќе биде ангажиран за период 12 работни денови (2 работни дена по локален младински совет). За секој работен менторски ден предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност после комплетирање на задачите (доставена временска табела, Изјава за извршена работа, Извештај од менторство и Краен продукт).

## ЛОТ 3: ПОДГОТОВКА НА ЕДУКАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИНТЕРАКТИВНА ПЛАТФОРМА

Во рамките на овој ЛОТ ќе се поддржи јакнењето на капацитети на локалните младински совети и службениците за млади преку воспоставување Интерактивна Онлајн Платформа за Вмрежување како виртуелен простор што ќе обезбеди еднаков пристап до можностите за секој Локален младински совет (ЛМС) во земјата. Платформата треба да вклучи **интерактивни модули за е-учење за следните 3 теми:**

1. **(дигитално) младинско учество**
2. **младинската политика**
3. **младинска работа.**

За оваа цел, проектот ќе ангажира експерт/и или компанија во наведените области, кои во соработка со ангажираната веб-компанија за изработка на платформата ќе работат заедно во поставувањето на алатките за е-учење.

**Период на испорака:** Во период од 1 месец од селекцијата (15 октомври – 15 ноември)
**Опис на содржина за секој модул:**

- Содржина за онлајн обука со поделба на сесии за секоја тема по принципот на МООС (вклучувајќи и домашна работа)
- Пакет со корисни алатки за младинско учество и младинска работа (вежби, работилници, евалуации итн.)
- Тестови / квизови за знаење за сите теми за проверка на знаење на секој корисник
- Видео предавања за темите - комбинација од пократки и подолги видеа на различни теми или сегменти, креирани од експертите. Исто така, може да се додадат и веќе постоечки видеа од други предавачи.
- Селектираните експерти треба да ги доставaт материјалите на македонски и албански јазик. Едукативната содржина треба да биде прилагодена за различни корисници: млади луѓе, членови на локален младински совет, младински работници и донесувачи на одлуки (службеници за млади).

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Кандидат(к)ите / лицата предложени од компании треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Најмалку високо образование. Магистратура и/или докторски студии сродни со областите за работа ќе се смета за предност.
- Најмалку 7 години професионално искуство;
- Најмалку 5 години искуство во спроведување обуки (во соодветната тема / теми);
- Искуство во спроведување на најмалку 2 слични обуки кои се однесуваат на темата / темите за кои се аплицира;
- Искуство во изработка и подготовка на прирачници, водичи, тренинг програми и слично

** Еден апликант може да аплицира за развивање на модули за една или повеќе теми во овој ЛОТ.*

**ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

За секој подготвен модул за ангажираните соработници за подготовка на едукативните материјали, предвиден е надоместок од **800 евра во бруто износ (или вкупно 2400 евра во бруто износ за сите 3 модули)** кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност после комплетирање на задачите (по комплетиран и одобрен продукт и Изјава за извршена работа).

## 3. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен.

Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

- Професионална биографија CV или Портфолио на компанијата (за ЛОТ 3)
- Мотивациско писмо
- Референтна листа на слични обуки / менторство и детали за контакт од минимум 2 клиенти.
- (за ЛОТ 3) Референтна листа на подготвени прирачници, водичи, ресурси за јакнење капацитети

***  Еден апликант може да аплицира за испорака на повеќе активности од различни лотови***

Документацијата треба да се достави на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за надворешни соработници (да се наведе ЛОТ и темата/темите)

Пристигнатите апликации ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од имплементаторите во проектот.

**Краен рок за доставување на апликациите е 12 октомври 2022 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на евалуација.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 07.10.2022 година.